Агенција за вработување на Република Македонија

**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
*ул.Јаким Стојковски бр 1*
*Тел: 032 48 31 31; факс: 032 48 30 47*
**www.probistip.gov.mk**

Република Македонија
ОПШТИНА ПРОБИШТИП
Бр. 08-6541/9
14.09. 2017 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на Договорот за соработка помеѓу Агенцијата за врабоитување на РМ (АВРМ), Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и општина Пробиштип Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година усвоен од Владата на Република Македонија, Програмата Општинско – корисна работа финансирана од Буџетот на Агенцијата за вработување на РМ, на ден 14.09 2017 година се објавува:

**Ј А В Е Н  О Г Л А С**
**до**
**евидентирани невработени лица за вклучување во Програмата Општинско - корисна работа**

Се повикуваат сите евидентираните невработени лица кои се заинтересирани да се вклучат во програмата Општинско-корисна работа, проект Дневна грижа, социјализација и едукација за жителите од општина Пробиштип" за работно ангажирање со скратено работно време за период од 6 (шест) месеци заради стекнување на вештини и постепено вклучување на пазарот на труд, да се пријават во Агенција за вработување- Центар за вработување Пробиштип.

Евидентираните невработени лица кои ќе бидат вклучени во Програмата „Општинско-корисна работа" ќе бидат работно ангажирани со скратено работно време со 20 (дваесет) работни часови неделно, при што за време на работниот ангажман од 6 (шест) месеци статусот на невработените лица останува непроменет, а на невработените лица-корисници на социјална помош за времетраење на работниот ангажман ќе им биде активно правото на користење на социјална помош.

За кандидатите кои ќе бидат избрани и вклучени во Програмата Општинско-корисна работа се предвидува паричен надоместок во висина од 6.200,00 денари, што вклучува персонален данок на доход и осигурување од случај на несреќа при работа и професионално заболување.

Евидентираните невработени лица кои ќе се пријават за учество во Програмата Општинско-корисна работа треба да припаѓаат на една од следните целни групи невработени лица:

-Самохрани родители
-Невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 1 година
-Млади невработени лица евидентирани во АВРМ најмалку 6 месеци
-Родители на деца со пречки во развојот
-родители на три и повеќе деца

Работните позиции кои се опфатени со овој оглас се однесуваат на ангажирање на :
-Четири негуватели – едукатори во ЈОУДГ„Гоце Делчев" Пробиштип со завршено средно образование
-Четири негуватели за помош на стари изнемоштени лица во Пробиштип и во селата Злетово, Долни Стубол и Древено со завршено основно или средно образование
-Еден негувател за помош на лицата со оштетен вид во Пробиштип со завршено основно или средно образование

-Еден професор по физичко воспитание во ООУ„Браќа Миладиновци“ Пробиштип со завршено високо образование професор по физичко воспитување
-Двајца професори по одделенска настава на македонски јазик-педагошки факултет во ООУ„Браќа Миладиновци“ и Подрачното училиште во приградската населба Пробиштип при ООУ„Браќа Миладиновци“ со завршено високо образование Педагошки факултет, одделенска настава
-Еден дипломиран фиолог по англиски јазик во ЈОУДГ„Гоце Делчев“ Пробиштип со завршено високо образование англиски јазик и со сертификат за педагошко-психолошка и методска доквалификација
-Двајца образовни асистенти во подрачно училиште во Злетово при ООУ„Браќа Миладиновци„ и ООУ„Браќа Миладиновци“ со завршено високо образование-група психологија, педагогија дефектологија, професори по македонски јазик, математика и педагошки факултет- одделенска настава)

Заинтресираните невработени лица Пријави за учество во Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да подигнат и поднесат во Агенција за вработување- Центар за вработување Пробиштип во периодот од 14.09 2017година до 20.09 2017 година.

Поконкретните услови, права и обврски ќе бидат уредени со склучување на Договор помеѓу општина Пробиштип и избраните кандидати.

Детални информации за Програмата „Општинско-корисна работа“ можат да се добијат во општина Пробиштип кај лицето Анкица Кијајова, Општински координатор за Програмата „Општинско-корисна работа“, Агенција за вработување- Центар за вработување Пробиштип кај лицето Вероника Арсовска, Центар за социјлна работа Пробиштип кај лицето Емилија Заревска.

Градоначалник на општина Пробиштип

Тони Тоневски